# АНАЛИЗА НА СИТЕ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ, УПАТЕНИ УКАЖУВАЊА И ИЗВЕСТУВАЊА ОД СТРАНА НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ И НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШУВАЊА ОД СТРАНА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година

## I. ПРАВНА РАМКА

Советот за радиодифузија на Република Македонија согласно член 37, став 1, точка 8 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12, 72/13), е надлежен да презема мерки пропишани со Закон против радиодифузерите што не ги извршуваат своите обврски утврдени со Закон, дозволата за вршење радиодифузна дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот.

Кога при вршење на работите од својата надлежност Советот ќе констатира непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност и прописите донесени врз основа на истиот Закон, како и непочитување на условите утврдени со дозволата за вршење на радиодифузна дејност, согласно член 38 од Законот за радиодифузната дејност на радиодифузерите може да им изрече една од следните мерки:

- Писмена опомена - во случај на било која повреда на одредбите од Законот за радиодифузната дејност и прописите донесени врз основа на истиот Закон, како и за непочитување на условите утврдени со дозволата за вршење на радиодифузна дејност;
- Писмена опомена со барање за објавување - во случај кога радиодифузерот и покрај писмената опомена продолжува со вршење на истата повреда за која му е изречена писмената опомена;
- Времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден до седум дена - во случај на повреда на одредбите од глава VI и VII од Законот за радиодифузната дејност, и
- Времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од најмногу три месеци – во случај кога радиодифузерот и покрај времената забрана за рекламирање и телешопинг, продолжува со вршење на истата повреда за која му е изречена времената забрана за рекламирање и телешопинг. Мерката времена забрана за емитување на програмскиот сервис од најмногу три месеца може да се изрече како прва мерка при повреда на член 20 ставови 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност (должноста на радиодифузерите, еднаш годишно, а најдоцна до 31 март, да ги објават податоците што се однесуваат на нивното работење во претходната година, на начин утврден во Законот), член 69 (забраната во програмите на радиодифузерите, како и во програмите што се реемитуваат преку јавна комуникациска мрежа да се емитуваат програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на РМ или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост) и член 70 (забрана програмите на радиодифузерите да содржат порнографија, прекумерно насилство, или други програми кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите).

Погоре наведените законски мерки се изрекуваат за повреда на одредбите на Законот за радиодифузната дејност, дозволата за вршење радиодифузна дејност и подзаконските акти донесени од страна на Советот за радиодифузија на РМ, што се однесуваат на програмските содржини (Правилник за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој („Службен весник на Република Македонија“, бр.21/07), Правилник за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и телевизиските програмски сервиси („Службен весник на Република Македонија“, бр.72/07), Правилник за начинот на идентификација на спонзорите во радио и во тв програмите („Службен весник на Република Македонија“, бр.72/07) и Правилникот за европски аудиовизуелни дела („Службен весник на Република Македонија“, бр.133/06).

Прирачникот за изрекување и за извршување мерки според Законот за радиодифузната дејност, кој Советот го донесе во ноември 2012 година, во текот на неговата примена од неговото донесување па досега, ја исполнува целта за која беше донесен - од една страна да му дава насоки на Советот за поефикасна и поправична примена на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, а од друга страна им служи на радиодифузерите како објаснување за полесно разбирање на начинот на изрекување на мерките и критериумите по кои мерките се изрекуваат од страна на Советот. Прирачникот на радиодифузерите и другите заинтересирани субјекти, по неговото донесување беше објавен на веб-страната на Советот.

## II. ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ И УПАТЕНИ УКАЖУВАЊА ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Во периодот од 1-ви јули до 31 декември 2013 година, за констатирани прекршувања на одредбите на Законот за радиодифузната дејност, дозволата за вршење радиодифузна дејност и подзаконските акти на Советот, кои се однесуваат на програмските содржини, **Советот за радиодифузија на радиодифузерите им изрече вкупно 82 (осумдесет и две) мерки**, од кои:

- 51 (педесет и една) писмени опомени;
- 19 (деветнаесет) писмени опомени со барање за објавување,
- 8 (осум) времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден и
- 4 (четири) времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена.

Поради полесни повреди на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, условите утврдени во дозволата за вршење радиодифузна дејност и подзаконските акти кои се однесуваат на програмските содржини, Советот за радиодифузија кон радиодифузерите ги реализираше и следните активности:

- упати 20 (дваесет) укажувања и
- 3 (три) известувања.

### II.1 Писмени опомени

Од вкупно 82 (осумдесет и две) мерки кои Советот за радиодифузија им ги изрече на радиодифузерите во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година, најголемиот број односно 51 (педесет и една) мерка се писмени опомени. Прегледот на изречените писмени опомени со податоци

за радиодифузерот на кој е изречена мерката, архивски број и датум на писмената опомена, одредбите од Законот за радиодифузната дејност/подзаконските акти кои се прекршени, опис на прекршокот е даден како Прилог бр.1, кон анализата за мерките и најчестите прекршувања.

Писмените опомени се изречени заради констатирани повреди на одредбите од:

- Законот за радиодифузната дејност и
- Правилникот за заштита на малолетна публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

Најчести повреди за кои се изречени писмени опомени во извештајниот период, се повредите на одредбите од членот 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност. За непочитување на понапред цитираните одредби (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), беа изречени вкупно 9 (девет) мерки – писмени опомени.

Вкупно 8 (осум) писмени опомени Советот изрече на радиодифузерите во случај кога констатираше дека тие го прекршиле член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

Една мерка помалку или вкупно 7 (седум) мерки писмени опомени Советот изрече и за констатираното неисполнување на обврската на радиодифузерите еднаш годишно, а најдоцна до 31 март, да ги објават податоците што се однесуваат на нивното работење во претходната година, спротивно на член 20 ставови 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност.

Четири писмени опомени, Советот за радиодифузија во предметниот период им изрече на радиодифузерите поради не означување на програмите со предупредувачка сигнализација во текот на нивното времетраење, што е спротивно на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетна публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој).

По три писмени опомени за секој констатиран прекршок Советот за радиодифузија во предметниот период им изрече на радиодифузерите поради не исполнување на обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници во текот на еден ден (член 74, став 1 од ЗРД) и поради неозначување и не издвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства (член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност).

Советот во 2 (два) наврати им изрече мерки писмени опомени на радиодифузерите кои: не ја исполниле обврската за емитување најмалку 30% вокално инструментална музика на македонски јазик, со што радиодифузерите ги прекршиле одредбите од член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, емитувале рекламни спотови, телешопинг спотови како и други форми на рекламирање во периодите, односно во реалниот час кога се емитува телешопинг прозорец спротивно на член 94 став 4 од ЗРД, рекламирањето го вметнале на начин, со што го загрозиле интегритетот и вредноста на програмата, како и правата на авторите и другите носители на права (член 99 став 1 од ЗРД), не го почитувале периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите (член 99 став 1 алинеја 4 од ЗРД) и не ги обележале промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, со што сториле прекршок на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетна публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

Во анализираниот периодот, меѓуостанатите беа констатирани повреди и на Законот за радиодифузна дејност кои не беа чести односно за чие прекршување Советот во овој период изрече само по една мерка – писмена опомена.

Па така изречена е една писмена опомена поради тоа што радиодифузерот не го поттикнал духот на толеранција, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло, и поради необезбедување објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, што е спротивно на член 68 став 2 алинеи 4 и 9.

По една писмена опомена одделно за секој член Советот изрече и на радиодифузерот кој ги прекршил одредбите од: член 20 став 3 и 4 (неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година), член 83 став 1 од ЗРД ( емитувани програми на странски јазици непреведени на албански јазик), член 91 став 3 од ЗРД ( рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот), вршел прикриено рекламирање (член 98 став 1 од ЗРД), емитувал рекламни спотови во вести (член 100 став 1 од ЗРД) и во програмските содржини спонзорите не се јасно идентификувани (член 106 став 1 од ЗРД)

Со одлуките со кои Советот за радиодифузија на РМ им ги изрече писмените опомени на радиодифузерите Советот утврди и рок во кој истите треба да ги отстранат повредите на Законот/подзаконските акти. Рокот беше утврден во согласност со Законот и истиот изнесуваше 7 (седум) дена.

## II.2 Писмени опомени со барање за објавување

Советот за радиодифузија во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година, има изречено вупно 19 (деветнаесет) мерки – писмени опомени со барање за објавување. Прегледот на изречените писмени опомени со барање за објавување со податоци за радиодифузерот на кој е изречена мерката, архивски број и датум на писмената опомена со барање за објавување, одредби од Законот за радиодифузната дејност/подзаконските акти кои се прекршени, опис на прекршокот е даден како Прилог бр.2 кон анализата за мерките и најчестите прекршувања.

Советот им ги изрече овие мерки на радиодифузерите кои и покрај писмената опомена, продолжија со вршење на истата повреда за која им беше изречена мерката - писмена опомена.

Писмените опомени со барање за објавување во анализираниот период беа изречени за повреди на одредбите од Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за заштита на малолетна публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

Поради неисполнување на обврската еднаш годишно, а најдоцна до 31 март, да ги објават податоците за работењето во претходната година, што е спротивно на член 20 став 1 и 2, Советот на 7 (седум) радиодифузери им изрече мерка - писмена опомена со барање за објавување.

Во три наврати, Советот на радиодифузерите им изрече мерка – писмена опомена со барање за објавување, поради надминување на лимитите за рекламирање што е спротивно на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност.

Исто така, Советот изрече по две писмени опомени со барање за објавување на радиодифузерите кои не ја исполнија обврската за обезбедување најмалку 30% од емитуваната вокално инструментална музика

да биде на македонски јазик или на јазикот на немнозинските заедници, што е спротивно на член 74 став 2 од ЗРД и на оние кои не ги издвојувале рекламите од другите делови на програмата со акустички средства, со што ги прекршиле одредбите од член 97 став 1 од истиот закон.

Советот изрече една мерка писмена опомена со барање за објавување на радиодифузерот кој ги прекрши одредбите од член 20 став 3 и 4, односно кој недостави податоци за економско финансиското работење во претходната година.

Една писмена опомена со барање за објавување на радиодифузерот поради несоодветен термин на емитување на програмата со што радиодифузерите ги прекршиле одредбите од член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

Писмена опомена со барање за објавување му беше изречена и на радиодифузерот, поради неисполнување на обврската за обезбедување застапеност на европски аудиовизуелни дела најмалку 51% од вкупно емитуваната програма во текот на 2012 година, што е спротивно на член 73 од Законот за радиодифузната дејност.

Исто така по една писмена опомена им беше изречена на: радиодифузерот кој емитувал прикриено рекламирање (член 98 став 1 од ЗРД) и на радиодифузерот кој емитувал рекламни спотови во вести (член 100 став 1 од ЗРД).

Со одлуката со која Советот за радиодифузија на РМ, им ги изрече писмените опомени со барање за објавување, радиодифузерите се задолжуваа, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука, писмено да го известат Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведат/извршат мерката. Исто така се задолжуваат , изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телопот на целиот екран ќе се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и периодот на емитување во кој е сторен прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 08:00 до 10:00 часот (доколку станува збор за мерка која е изречена на радио станица) и во периодот од 17:00 до 20:00 часот (доколку станува збор за мерка изречена на телевизиска станица). На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Од вкупно 19 (деветнаесет) радиодифузери на кои им биле изречени мерки – писмени опомени со барање за објавување, 13 (тринаесет) радиодифузери ја извршија односно во рамките на својот програмски сервис ја објавија изречената мерка писмена опомена со барање за објавување.

## II.3 Времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден

Во анализираниот период, Советот изрече вкупно 8 (осум) мерки - времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден. Во прегледот даден како Прилог бр.3 кон анализата за мерките и најчестите прекршувања, дадени се податоците за: радиодифузерот на кој му е изречена мерката, архивски број и датум на времената забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден, одредби од Законот за радиодифузната дејност кои се прекршени, опис на прекршокот.

Поради не исполнување на обврската еднаш годишно, а најдоцна до 31 март, да ги објават податоците што се однесуваат на работењето во претходната година, што е спротивно на член 20 став 1 и 2 од Законот за

радиодифузната дејност, Советот изрече 2 (две) мерки – времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден.

Две мерки – времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден се изречени на радиодифузерите кои не ги издвоиле рекламите од другите делови на програмата со акустички средства, со што постапиле спротивно на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност.

Една времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден му беше изречна на радиодифузер кој го прекрши член 20 став 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност, односно поради тоа што недостави податоци за економско финансиското работење во претходната година.

Поради неисполнување на обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик (член 74 став 1 од ЗРД) и поради неисполнување на обврската за обезбедување најмалку 30% од емитуваната вокално – инструментална музика да биде на ромски јазик (член 74 став 2 од ЗРД), беше изречена по една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг.

Советот за радиодифузија изрече мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден и на радиодифузерот, кој ги надминал лимитите за рекламирање во текот на еден реален час (член 93 став 3 од ЗРД).

Со одлуката со која Советот за радиодифузија на РМ им ги изрече времените забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден на радиодифузерите, Советот утврди и рок во кој истите треба да ги отстранат повредите на Законот. Рокот беше утврден во согласност со Закон и истиот изнесуваше 7 (седум) дена. Во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на времената забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден, радиодифузерите имаа обврска да ја извршат изречената мерка, а во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на мерката писмено да го известат Советот за денот на спроведувањето на изречената мерка.

Од вкупно 8 (осум) изречени мерки, 7 (седум) радиодифузери на кои им беше изречена мерката – времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден, за прекршок на член 20 став 1 и 2, член 20 став 3 и 4, член 74 став 1 од ЗРД, член 74 став 2, член 93 став 3 и на член 97 став 1 од истиот закон, ја извршија изречената мерка времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден.

## II.4. Времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена

Во период од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година, Советот изрече вкупно 4 (четири) мерки - времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена. Прегледот на изречени времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена со податоци за: радиодифузерот на кој му е изречена мерката, архивски број и датум на времената забрана за рекламирање и телешопинг од два дена, одредби од Законот за радиодифузната дејност кои се прекршени, опис на прекршокот, е даден како Прилог бр.4 кон анализата за мерки и најчести прекршувања.

Од вкупно 4 (четири) времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена, 2 (две) мерки времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена, Советот изрече заради повреда на член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност, односно поради не исполнување на обврската еднаш годишно, а најдоцна до 31 март, радиодифузерите да ги објават податоците што се однесуваат на работењето во претходната година, 1 (една) мерка времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена му беше изречна на радиодифузер кој го прекрши членот 20 став 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност односно поради тоа што недостави податоци за економско финансиското работење во претходната година и

една мерка времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена беше изречена на радиодифузерот поради емитување помалку од 30% вокално – инструментална музика на македонски јазик, со што постапил спротивно на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност.

Со одлуката со која Советот за радиодифузија на РМ им ги изрече времените забрани за рекламирање и телешопинг од два дена на радиодифузерите, Советот утврди и рок во кој истите треба да ги отстранат повредите на Законот. Рокот беше утврден во согласност со Закон и истиот изнесуваше 7 (седум) дена. Во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на времената забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден, радиодифузерите имаа обврска да ја извршат изречената мерка, а во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на мерката писмено да го известат Советот за денот на спроведувањето на изречената мерка.

Од вкупно 4 (четири) изречени мерки – времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена, кои Советот за радиодифузија ги изрече на радиодифузерите, ниту еден радиодифузер не ја изврши изречената мерката времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена.

## II.5 Укажувања

Во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година, Советот упати вкупно 20 (дваесет) укажувања за констатирани полесни повреди од страна на радиодифузерите на Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за заштита на малолетна публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. Прегледот на упатените укажувања, назив на радиодифузерот на кој му е упатено укажувањето, архивски број и датум на укажувањето, одредби од Законот за радиодифузната дејност кои се повредни, опис на повредата е даден како Прилог бр.6 кон анализата за мерките и најчестите прекршувања.

Укажувањата се упатени заради констатирани полесни повреди на одредбите од Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

Најчести повреди за кои се изречени укажувања од страна на Советот, беа оние на одредбите од Правилникот за заштита на малолетна публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, кој Правилник согласно член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност, радиодифузерите се должни да го почитуваат. Па така, во предметниот период Советот за радиодифузија упати вкупно 10 (десет) укажувања за констатирани повреди на одредбите од наведениот Правилник.

Во врска со несоодветната предупредувачка сигнализација - член 6 од Правилникот, упатено е 1 (едно) укажување. Поради емитување во несоодветен период на програми кои можат штетно да влијаат врз физичкиот, психичкиот и моралниот развој на малолетната публика - член 7 од Правилникот, упатени се исто така 4 (четири) укажувања. За неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата - член 12 од Правилникот, упатени се 3 (три) укажувања и заради необележувањето на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува - член 13 став 1 од Правилникот, Советот упати 2 (две) укажување до радиодифузерите.

Поради неисполнување на обврската од страна на радиодифузерите за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик во текот на еден ден (член 74 став 1 од ЗРД), Советот упати 2 (две) укажувања.

Во извештајниот период, заради прикриено рекламирање и изложување на производи со видливо истакнато име и марка (член 98 од ЗРД), беа упатени 2 (две) укажувања до радиодифузерите.

Заради, емитувани програми на странски јазици непреведени на македонски јазик (член 83 став 1 од ЗРД), Советот упати 1 (едно) укажување.

Во врска со неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства (член 97 став 1 од ЗРД), беа упатени 2 (две) укажувања.

Едно укажување, беше упатено и поради прекршување на член 98 став 1 од ЗРД, односно поради констатирано емитување прикриено рекламирање.

Едно укажување од страна на Советот е упатено за констатирано прекршување на член 99 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, а кој се однесуваат на тоа кога радиодифузерот рекламирањето во рамките на својот програмски сервис го вметнал на начин, со што се загрозени интегритетот и вредноста на програмата, како и правата на авторите и на другите носители на права.

Укажување Советот упати и до 1 (еден) радиодифузер кај кого спонзорираните програми ја поттикнуваа продажбата, купувањето или изнајмувањето на производи или услуги од спонзорот или на трето лице, што е спротивно на член 106 став 2 од ЗРД.

Во погоре наведените укажувањата кои Советот за радиодифузија на РМ, им ги упати на радиодифузерите, на истите им напомена дека доколку во иднина повторно бидат констатирани прекршувања на Законот за радиодифузната дејност од нивна страна, Советот ќе постапи согласно своите законски надлежности, односно ќе им изрече мерка согласно со член 38 од Законот за радиодифузната дејност.

### II.6 Известувања

Во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година, Советот во три наврати упати известувања на радиодифузерите во врска со непочитувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, од кое првото известување е во врска со емитување несоодветна предупредувачка сигнализација (член 71 став 3 од ЗРД и член 6 од Правилникот за заштита на малолетната публика), другото известување е упатено поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува (член 71 став 3 од ЗРД и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика). Третото известување е упатено поради неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства (член 97 став 1 од ЗРД).

Прегледот на известувања, назив на радиодифузерот на кој му е упатено известувањето, архивски број и датум на известувањето, одредби од Законот за радиодифузната дејност кои се повредни, опис на повредата е даден како Прилог бр.7 кон анализата за мерките и најчестите прекршувања.

## III ЗАКЛУЧОК

### III.1 Осврт *на сите констатираните повреди на Законот/подзаконските акти*

Радиодифузерите во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година, прекршија одредби од Законот за радиодифузната дејност и Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој.

**Најчеста повреда** од страна на радиодифузерите во периодот од 1-ви јули 2013 година до 31-ви декември 2013 година, беше прекршувањето на член **71 став 3 од Законот** за радиодифузната дејност **односно непочитувањето на Правилникот за заштита на малолетната публика** од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. Непочитувањето на Правилникот се состоеше во емитување несоодветна предупредувачка сигнализација, непридржувањето до пропишаниот начин на обележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата што се најавува, облиците на акустично и визуелно предупредување, како и временските периоди во кои можат да се емитуваат програмските содржини што можат да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите. Во предметниот период, **Советот констатираше 27 (дваесет и седум) повреди** од ваков тип.

**Како често прекршување, од страна на радиодифузерите во предметниот период, беше прекршувањето на член 20 од Законот** за радиодифузната дејност, што се состои во неисполнување на обврската да ги објават податоците што се однесуваат на нивното работење во претходната година, во најмалку еден дневен весник и на сопствената програма најмалку три пати годишно, во ударни термини. **Во 22 (дваесет и два) случаи радиодифузерите не ја исполнија оваа своја законска обврска.**

**Во 13 (тринаесет) случаи радиодифузерите ги надминаа лимитите за рекламирање**, со што ги прекршија одредбите од член 93 став 3 од истиот закон.

**Советот констатираше 10 (десет) пати повреда на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност** што се состои во неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства.

Покрај повредите на член 71 од Законот за радиодифузната дејност, погоре издвоени како најчести прекршувања, повреди беа извршени и на останати членови од глава VI. од Законот за радиодифузната дејност, односно на одредби кои се однесуваат на програмските стандарди, при што:

- еднаш беше констатирано прекршување на член 68 став 2 алинеи 4 и 9 од Законот за радиодифузната дејност што се состои во не поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло и поради необезбедување објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања;
- во еден случај е констатирано неисполнување на обврската за обезбедување застапеност на европски аудиовизуелни дела најмалку 51% од вкупно емитуваната програма во текот на 2012 година (член 73 од Законот за радиодифузната дејност);

- шест пати беше констатирано неисполнување на обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик во текот на еден ден (член 74 став 1);
- во шест наврати радиодифузерите не го испочитуваа законски задолжителниот процент од 30% вокално-инструментална музика на македонски јазик (член 74, став 2);
- кај два радиодифузери е констатирано и емитување програми на странски јазици непреведени на македонски јазик (член 83 став 1 од ЗРД).

Во анализираниот период **радиодифузерите** ги **повредија и одредбите од Законот** за радиодифузната дејност **кои се однесуваат на рекламирањето, телешопингот и спонзорството,** односно **глава VII.** од истиот Закон и тоа:

- во еден случај е извршено рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот (член 91 став 3);
- два пати е констатирано и емитување рекламни спотови во реалниот час кога е емитуван телешопонг прозорец (член 94 став 4);
- во два наврати радиодифузерите емитувале прикриено и изложувале производи со видливо истакнато име и марка (член 98);
- три пати радиодифузерите емитуваа прикриено рекламирање (член 98 став 1);
- три пати е констатирано во рамките на програмскиот сервис рекламирање да биде вметнато на начин, со што се загрозени интегритетот и вредноста на програмата, како и правата на авторите и на другите носители на права (член 99 став 1);
- во два наврати радиодифузерите не го почитувале периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите (член 99 став 1 алинеја 4);
- два пати е констатирано емитување рекламни спотови во вести (член 100 став 1);
- во еден случај радиодифузерите во спонзорирани програми не го идентификувале јасно спознорот (106 став 1);
- еднаш е констатирано и случај кога спонзорираните програми поттикнуваат продажбата, купувањето или изнајмувањето на производи или услуги од спознорот или на трето лице (член 106 став 2).

### *III. 2 Структура на изречените мерки од страна на Советот*




*Слика бр.1, Графички приказ на структурата на изречените мерки од страна на Советот во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година*

### *III.3. Структура на упатени укажувања/известувања*




*Слика бр.2, Графички приказ на структурата на упатени укажувања/известувања од страна на Советот во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2013 година*

### *III. 4 Спроведување на изречените мерки од страна на радиодифузерите*

По однос на тоа каква е состојбата во спроведувањето на мерките, односно колку радиодифузерите во периодот од 1-ви јуни до 31-ви декември 2013-та година ги извршиле изречените мерки од страна на Советот (мерките кај кои согласно Законот за радиодифузната дејност се предвидува нејзино извршување - објавување односно забрана за рекламирање и телешопинг на својот програмски сервис), податоците разработени во анализата, говорат за следната фактичка ситуација:

**Од вкупно 19** (деветнаесет) **изречени** мерки **писмени опомени со барање за објавување, 13** (тринаесет) **радиодифузери** ја извршија мерката односно **ја објавија** писмената опомена со барање за објавување **во рамките на својот програмски сервис**.




*Слика бр.3, Графички приказ на спроведувањето на писмените опомени со барање за објавување*

Констатираната состојбата по однос **на извршувањето кај времената забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден е** таква што 7 **(седум) радиодифузер** од **осум** радиодифузери на кои им беше изречена ваква мерка, **ја изврши** мерката односно ја испочитува **забраната да не емитува рекламирање и телешопинг од еден ден** во рамките на својот програмски сервис.




*Слика бр.4, Графички приказ на извршувањето на времените забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден*

Кај времените забрани за рекламирање и телешопинг од два дена по однос на спроведувањето, фактичката ситуација е таква што од четворица радиодифузери ниту еден радиодифузер на кои им беше изречена ваквата мерка не ја спроведе забраната за емитување реклами во текот на два дена.




*Слика бр.5, Графички приказ на извршувањето на времените забрани за рекламирање и телешопинг од два дена*

Анализираните податоци во врска со спроведувањето на изречените мерки од страна на Советот за радиодифузија на РМ, се индикатори дека извршувањето на мерките од страна на радиодифузерите е на задоволително ниво, со исклучок на мерката времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена. Ваквата состојба, упатува на заклучок дека мерките на Советот за радиодифузија на РМ, постигнале ефект кај радиодифузерите.

## IV. ПРЕПОРАКА

Во оваа насока, треба да се има предвид дека донесената нова законска регулатива - Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги која стапи во сила на 03.01.2014 година, (во член 23 од овој Закон) предвидува дека доколку се констатира непочитување на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавачот на медиум, давателот на аудиовизуелни услуги по барање или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кои врши реемитување на програмски сервиси, директорот на Агенцијата може да донесе решение со кое ќе го опомене, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на годината, ќе достави предлог до Советот за одземање на дозволата или ќе донесе решение за бришење од регистарот согласно со овој закон. Ваквото законско решение исто така може да придонесе во зголемувањето на ефектот на почитувањето на изречените мерки односно превентивно да влијае на радиодифузерите да не вршат повреди на законот/подзаконските акти и условите од дозволата.

***Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***

**Прилог бр.1**

## Изречени мерки од редовниот мониторинг, ад хок мониторинзи и мониторинзи по претставки спроведени од Советот за радиодифузија на РМ во 2013 година

**ИЗРЕЧЕНИ ПИСМЕНИ ОПОМЕНИ ОД СТРАНА НА СРД ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД И ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС)**
**51 (педесет и една) писмена опомена**

| Ред. бр. | Назив на радиодифузерот на кого му е изречена писмена опомена | Арх.бр. и датум на писмената опомена | Прекршување на член од Законот за радиодифузната дејност (ЗРД)/друг Закон/Правилник според кој е изречена писмената опомена | Опис на прекршување: |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТРД „ТВ БТР НАЦИОНАЛ" Зоран ДООЕЛ Скопје | 03-347 од 07.08.2013 | Член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 2. | ТРД „ТВ БТР НАЦИОНАЛ" Зоран ДООЕЛ Скопје | 03-348 од 07.08.2013 | Член 74 став 1 од ЗРД | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на ромски јазик |
| 3. | ТРД „ТВ МТМ" ДООЕЛ Скопје | 03-351 од 07.08.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 4. | ТРД „ТВ МТМ" ДООЕЛ Скопје | 03-346 од 07.08.2013 | Член 94 став 4 од ЗРД | Емитување телешопинг прозорец и рекламен блок во ист реален час |
| 5. | ТРД „ТВ МТМ" ДООЕЛ Скопје | 03-345 од 07.08.2013 | Член 99 став 1 алинеја 4 од ЗРД | Непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите |
